**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ДВАЕСЕТ И ТРЕТАТА седница
## на Советот на Општина Гази Баба,
## одржана на 24.04.2019 година

**СКОПЈЕ, АПРИЛ 2019 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Дваесет и третата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 24.04.2019 година**

Седницата започна во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба - **Тони Бојковски**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: претставник од Здружение на граѓани "Интернет Хотлајн Провајдер Македонија", граѓани уредно најавени, директорот на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, в.д директорот на ЈКП "Гази Ббаа - 2007" - Скопје и претставници од општинската администрација.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Дваесет и втората** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Дваесет и втората** седница на Советот на Општина Гази Баба, со **22 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, со следниот предлог за **дополнување** на дневниот ред:

Согласно извештајот на комисијата за општествени дејности, бр.09-1774/2 од 23.04.2019 година, се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следните точки:

**10.** Предлог - Одлука за давање согласност за спроведување на истражување од областа на сајбер безбедност и превенција од сајбер криминал на тема: "Децата и нивното интернет однесување во Општина Гази Баба", во општинските основни училишта; и

**11.** Предлог - Одлука за давање согласност за отворање на една воспитно - образовна група на деца на возраст од 9 - 24 месеци (јасли), во објектот "Морковче" на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.

Предлогот за дополнување на дневниот ред со точката **"10"** беше ставен на гласање и усвоен со **21 глас "ЗА"**.

Предлогот за дополнување на дневниот ред со точката **"11"** беше ставен на гласање и усвоен со **22 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека предложените точки "10" и "11" се составен дел од предложениот дневен ред и воедно предложи **изменување** на предложениот дневен ред, и тоа:

Точка 10. Предлог - Одлука за давање согласност за спроведување на истражување од областа на сајбер безбедност и превенција од сајбер криминал на тема: "Децата и нивното интернет однесување во Општина Гази Баба", во општинските основни училишта, да биде разгледувана како **точка 1**, а точките редоследно од "1" до "9" да бидат разгледувани како точки редоследно од **"2-10"**.

Предлогот за изменување на предложениот дневен ред беше ставен на гласање и усвоен со **22 гласа "ЗА"**.

Од страна на членовите на советот беа предложени следните изменувања и дополнувања на предложениот дневен ред:

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

**12.** Информација за постапка пред Уставен суд на РСМ по Иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт С 17 Блок 1, Општина Гази Баба - Скопје, бр.09-828/6 од 14.03.2017 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.3/17) - У.бр.123/18.

*Образложение на итноста:*

Предлагачот на Иницијативата У.бр.123/18 пред Уставниот суд - Коалиција О2, до мене достави e-mail со барање оваа точка да биде ставена на дневниот ред, од причина што на одржаната седница на Уставниот суд на 10.04.2019 година иако требало да се постапува по Нацрт-Одлука, оваа точка била симната од дневниот ред. Причините како што наведува подносителот на Иницијативата е доставено барање од Општина Гази Баба за да не се постапува по Иницијативата У.бр.123/18. Од тие причини предлагам оваа точка да биде дел од дневниот ред.

Предлогот за дополнување на дневниот ред со точката **"12"** беше ставен на гласање и усвоен со **22 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека предложената точка "12" е составен дел од предложениот дневен ред.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Во име на советничката група на коалицијата "За подобра Македонија", предлагам точка 5. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како

договор за јавна набавка на услуга, **да биде симната** од предложениот дневен ред, од причина што се потребни дополнителни консултации за да се завземе соодветен став. Исто така предлагаме точката 11. Предлог - Одлука за давање согласност за отворање на една воспитно - образовна група на деца на возраст од 9 - 24 месеци (јасли), во објектот "Морковче" на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, да биде разгледувана како **точка 2**.

Предлогот за изменување на дневниот ред беше ставен на гласање и усвоен со **14 гласа "ЗА" и 9 гласа "ПРОТИВ"**.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

**Давам пауза од 20 минути** (по сопствена оцена). Се задолжува стручната служба да изготви предлог дневен ред со претходно усвоените измени и дополнувања.

**По паузата.**

За работата на седницата со **19 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за давање согласност за спроведување на истражување од областа на сајбер безбедност и превенција од сајбер криминал на тема: "Децата и нивното интернет однесување во Општина Гази Баба", во општинските основни училишта;
2. Предлог - Одлука за давање согласност за отворање на една воспитно - образовна група на деца на возраст од 9 - 24 месеци (јасли), во објектот "Морковче" на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје;
3. Расправа по Предлог - ДУП за градска четврт С 19 Блок 1, Општина Гази Баба - Скопје и спроведена постапка за повторна јавна анкета во просторијата на УЗ Маџари 2;
4. Расправа по информација од овластен градежен инспектор на Општина Гази Баба за бесправно изградениот објект кај "Електроелемент";
5. Предлог - Одлука за прифаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Чашка;
6. Предлог - Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Чашка;
7. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за првото тримесечје од 2019 година;
8. Предлог - Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година;
9. Предлог - Акционен План за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за 2019 година;
10. Предлог - Одлука за ослободување од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште, за изградба на објект со намена В4 - Орган на локална самоуправа на територија на Општина Гази Баба; и
11. Информација за постапка пред Уставен суд на РСМ по Иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт С 17 Блок 1, Општина Гази Баба - Скопје, бр.09-828/6 од 14.03.2017 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.3/17) - У.бр.123/18.

*Пред преминување кон расправа по точките од дневниот ред за збор се јави членот на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"), на чије излагање реагираа членовите на советот од коалицијата предводена од СДСМ преку координаторот на советничката група - **Милица Бубало**. Во дискусијата учествуваа и членовите на Советот - Јорданчо Тодосиев (коалиција предводена од СДСМ), Дејан Димитровски (коалиција предводена од СДСМ) и Елизабета Стојменова (коалиција "За подобра Македонија").

*За збор се јави и Претседателот на Советот - **Тони Бојковски**, кој го информираше советот дека досега се пристигнати преку 50 - 60 барања од УЗ и МЗ по кои треба да се постапува. Предложи одржување на координација на Советот со Градоначалникот по одржување на Претседателските избори 2019 година.

*За збор се јави членот на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија") кој побара од стручната служба да му се достави комплетната документација со која располага во врска со Иницијативата У.бр.123/18, од 01.01.2019 година заклучно со 10.04.2019 година, за да се видат причините поради кои Уставниот суд на седницата одржана на 10.04.2019 година ја симнал оваа точка од дневниот ред. Документацијата е потребна како би можел да дискутира по точката 11 од дневниот ред. Во дискусијата учествуваше и претставник од општинската администрација - Васко Апостоловски. Претседеталот на Совет ја задолжи стручната служба да обезбеди примерок од документацијата за потребите на членот на советот.

**Коментар од стручната служба:*

**Дискусиите кои не се однесуваат на точки од утврден дневен ред во изворна форма се достапни преку аудио записот како составен дел на записникот од седницата на советот.**

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност за спроведување на истражување од областа на сајбер безбедност и превенција од сајбер криминал на тема: "Децата и нивното интернет однесување во Општина Гази Баба", во општинските основни училишта.**

Претседателот на комисијата за општествени дејности - **Дијана Илиевска**, поднесе извештај од седницата одржана на 23.04.2019 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе ***(да не ги донесе)*** следните материјали:

- Предлог - Одлука за давање согласност за спроведување на истражување од областа на сајбер безбедност и превенција од сајбер криминал на тема: "Децата и нивното интернет однесување во Општина Гази Баба", во општинските основни училишта; ***(се предлага да не се донесе)*** и
- Предлог - Одлука за давање согласност за отворање на една воспитно - образовна група на деца на возраст од 9 - 24 месеци (јасли), во објектот "Морковче" на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.

Претседателот на Советот ја покани **Виолета Ѓорѓиевска** од Здружение на граѓани "Интернет Хотлајн Провајдер Македонија" која го образложи концептот и целта која треба да се постигне - формирање на Центар за побезбеден интернет.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Дијана Илиевска** (коалиција "За подобра Македонија"):

Го слушнавме исцрпното излагање но не ја знаеме целта. Ако е тоа анкетирање на учениците, не ни дадовте доволно објаснување кој тим ќе го спроведе тоа истражување.

Претставник на Здружение на граѓани "Интернет Хотлајн Провајдер Македонија" - **Виолета Ѓорѓиевска**:

Постојат два начини.Првиот начин е електронско спроведување на анкетата а вториот начин е да се оди теренски кој е поголем замав. Ние треба да им објасниме која е целта на спроведување на тоа истражување и со самото спомнување на сајбер криминал, луѓето имаат одредена одбивност. Значи потребно е време за да се развие целиот концепт. Потребно е трпение и желба да се работи со деца.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Јас ја поддржувам оваа иницијатива, но потребно е да се разговара претходно и со Градоначалникот и со претставници од секторот за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности. Мора да се почитува и ставот на комисијата за општествени дејности. Со вакво генерално образложение на концептот сметам дека ќе се сложите дека е потребно истиот да се доработи.

Член на Совет - **Дејан Димитровски** (коалиција предводена од СДСМ):

Побара дополнително објаснување во врска со функционирањето на Центарот за побезбеден интернет.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Ја охрабрувам присутната како претставник од Здружението на граѓани "Интернет Хотлајн Провајдер Македонија" во периодот кој претстои да го доработи својот концепт, да ја следи работата на Советот и да конкурира со овој проект за добивање на средства од општината. Исто така очигледно е дека е потребно и доекипирање. Сепак се работи за деца и треба да бидеме внимателни при одлучувањето.

Претставник на Здружение на граѓани "Интернет Хотлајн Провајдер Македонија" - **Виолета Ѓорѓиевска**:

Мора од некаде да се тргне, тоа е факт од причина што многу малку се посветува внимание на оваа тема.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Пак ќе повторам на располагање е цел сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности како иницијален дел, кој треба да го доработи овој концепт, за да може на крај советот да донесе одлука.

Член на Совет - **Дејан Димитровски** (коалиција предводена од СДСМ):

Убаво е да се дозволи да се спроведе ова истражување, се со цел во иднина ова здруженије да има некаков видлив резултат врз основа на кој во иднина можеме да обезбедиме и финансиски средства.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

И тие прашалници кои треба да се пополнуваат треба претходно да бидат проверени и одобрени, затоа што се работи за деца кои тоа треба да го читаат и пополнуваат. Ситуацијата е малку посериозна.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Мислам дека е најдобро да се доработи овој концепт, односно во овој момент ако донесеме одлука да не навлеземе во прекршување на одредени права на децата. Нека се консултураат претходно надлежните институции и секторот за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности.

Претставник на Здружение на граѓани "Интернет Хотлајн Провајдер Македонија" - **Виолета Ѓорѓиевска**:

Истражувањето е во функција да се види какви активности имаат децата на интеренет. Преку спроведување на тоа истражување, полесно ќе биде да се подготви и соодветна стратегија за понатаму и подигање на свеста и кај наставниците и кај родителите.

Член на Совет - **Слаѓана Симеонова - Василковска** (коалиција предводена од СДСМ):

До претставникот на здружението на граѓани препорачувам овој концепт да го достави до надлежнот сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности кој би дал насоки како да се постапи со оглед на тоа што за прв пат како совет се соочуваме со ваква проблематика.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот **не ја донесе** Предлог-Одлуката за давање согласност за спроведување на истражување од областа на сајбер безбедност и превенција од сајбер криминал на тема: "Децата и нивното интернет однесување во Општина Гази Баба", во општинските основни училишта, со **1 глас "ПРОТИВ" и 21 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност за отворање на една воспитно - образовна група на деца на возраст од 9 - 24 месеци (јасли), во објектот "Морковче" на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност за отворање на една воспитно - образовна група на деца на возраст од 9 - 24 месеци (јасли), во објектот "Морковче" на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, со **22 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Расправа по Предлог - ДУП за градска четврт С 19 Блок 1, Општина Гази Баба - Скопје и спроведена постапка за повторна јавна анкета во просторијата на УЗ Маџари 2.**

Претседателот на Советот го покани членот на советот **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија") да ги образложи причините за предлагање на оваа точка за расправа пред советот.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Ги образложи причините поради кои е предложена оваа точка на дневен ред и итакна дека советот неможе да биде орган кој само механички усвојува нешто што е предложено пред советот. Ова е пример за значајноста на избраните советот на УЗ и МЗ и улогата која треба да ја имаат. Пред да се донесе било каков ДУП за тоа треба и мора да биде запознаен како советот на конкретната УЗ така и граѓаните во истите. Граѓаните не се информирани и тоа е факт. Го проучив ЗПУП кој ме заинтригира, за тоа што живеам во место каде година и половина или ништо не е направено или се гради без правен основ. За улица Товарник побарав проект но сеуште не ми е доставен. (*во понатамошниот тек од дискусијата цитираше одредби од ЗПУП*). Согласно информациите од советот на УЗ овој Предлог - ДУП на повторна јавна анкета не бил ставен на увид во согласност со законот, односно просторијата каде истиот бил изложен била заклучена. Овј Предлог-ДУП може и да помине а да не бидат воопшто запознаени граѓаните. Советот на УЗ и МЗ е исклучитено важен и мора навремено да биде запознаен со сите планирани ДУП. За конкретниот ДУП имаме петиција во прилог на барање од граѓаните со над 50 потписи кои изразуваат загриженост.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

**Давам пауза од 10 минути** (по сопствена оцена).

**По паузата.**

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Го презентираше барањето на група граѓани од УЗ Маџари 2 поткрепено со 50 потписи пред советот (од 23.04.2019 година) со кое бараат овој Предлог-ДУП да не биде донесен поради сериозни забелешки на сообраќајните решенија. Исто така беше презентирана и информацијата од секторот за урбанизам и градежно земјиште за спроведената постапка во согласност со законот, како и одлуката за повторна јавна презентација и јавна анкета по однос на Предлог-ДУП предмет на дискусија во просторијата на УЗ Маџари 2 во периодот од 15.04.2019 - 30.04.2019 година (јавна анкета), односно на 17.04.2019 година (јавна презентација) во просториите на општината во барака бр.6.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Со сета почит кон колегата д-р Кутлешовски, но сето ова што го истакна колегата треба да биде кога Предлог-ДУП ќе биде на дневен ред и ќе треба да се усвојува. Постапката по истиот сеуште трае.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Ја поддржувам дискусијата на колегата д-р Кутлешовски. Имено, неможе кога има јавна анкета и јавна презентација за определен ДУП, надлежниот сектор од општината да не го информира советот а посебно советникот кој доаѓа од конкретно населено место за кое се однесува конкретниот ДУП. Мора да се информира и УЗ и МЗ преку советот а не само техничкиот секретар кој ги спроведува само техничките работи. Неможе да не биде информиран советникот, тоа е недозволиво. Мора секој од нас да знае што конкретно се случува при подготовка на плански документации. Кога веќе ќе дојде определен Предлог-ДУП да биде дел од дневен ред и наместо сите дилеми претходно да биде расчистени, токму тогаш се појавуваат суштински проблеми и пропусти. Значи од старт мора се да се заврши а на совет само да се донесе. Кај нас имаме обратна ситуација, пред донесување на определен ДУП се јавуваат дилеми и забелешки. Комисијата за урбанизам на советот треба и мора да биде во контакт со надлежниот сектор и да знае во секој момент колку ДУП се во подготовка, кои се опфатите и кои УЗ и МЗ треба и мора да бидат известени преку техничките секретари кои се државни службеници. Недозволиво е просторијата на УЗ и МЗ која е негова работна просторија да биде заклучена во период кога трае јавна анкета и е изложен определен ДУП. Комуникацијата за вакви важни теми особено на теми како што се планирани ДУП-ви на релација сектор на општина - совет на општина - технички секретари во УЗ и МЗ - совети на УЗ и МЗ - граѓани, мора да се подобри и да функционира на многу повисоко ниво.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

За прв пат имаме ваква тема и се согласувам дека треба да се подобри комуникацијата. Сметам дека повторната јавна анкета и јавна презентација е добар чекор, а јас се уверив лично што конкретно се планира да се гради на тој потег, но останува проблемот со сообраќајното решение согласно реакцијата на граѓаните.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Расправа по информација од овластен градежен инспектор на Општина Гази Баба за бесправно изградениот објект кај "Електроелемент".**

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Ја добивме информацијата доставена до советот од овластениот градежен инспектор на Општина Гази Баба и убаво таксативно се наведени сите досегашни хронолошки дејствија. Сите констатираат дека се работи за бесправен објект, но истиот продолжува да се гради непречено и најверојатно наскоро и ќе се отвори. Одлуката на второстепениот орган е многу јасна односно потврдено е првостепеното решение на овластенот градежен инспектор за отстранување на објектот а евентална тужба не го одложува извршувањето. Требаше да биде присутен и Градоначалникот се со цел да подискутираме околу оваа тема. Го охрабруваме овластениот градежен инспектор да го спроведува законот.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Околу овој објект кој е предмет на дискусија а е бесправна градба, јас неможам да разберам како тој објект ќе добие одобрение за употреба ?. Исто така е неразбирливо како може одредена фирма да плаќа закуп за објект за кој нема имотен лист. Исто има и друг објект кој е направен во населба Ченто која е огромна зграда - бесправен објект а веќе 3-4 години за тој објект постои решение за отстранување на градбата. Таму влегува СТОКОМАК во цел дел во бесправна градба, тоа не ѐ нормално. Луѓето си прават пари а не плаќаат комуналии на општината. Каде не ги рушиме туку и им дозволуваме да прават бизнис во бесправни објекти. Пред очи ни се случуваат овие работи а во општината не влегува ниту еден денар. После немаме пари за инфраструктурни објекти, па ќе немаме секако. Законот се прекршува и да не се најде начин за постапување, тоа не ѐ нормално. Вината поради која немаме пари е на оваа општина и во многу работи личиме на Општина Чаир. Имаме општини каде дрскоста оди до таму да не се плаќа ниту едно евро за $м^2$ по основ на легализација !?. Ние мора да реагираме на повисоко ниво, ние мора да разговараме за ова. Ако е потребно ќе донесеме комплетен мораториум на сите ДУП во урбаната средина, барем ќе знаеме на што сме. Не за бадијала Општина Центар примениле ваква мерка, барем започнаа да прават ред. И вака и онака се гради а ние немаме никакви приходи.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Со второстепеното решение е потврдено дека овластениот градежен инспектор донел законито решение и тоа мора да се признае. Сега имаме ситуација дека е поведен управен спор со тужба од инвеститорот. Сите сме свесни дека тој објект тука така неможе да се руши и сите знеме кој е виновникот. Тој има име и презиме. Да упатам еден предлог до овластениот градежен инспектор да упати една замолница/ургенција за приоритетно постапување за да видиме како ќе одлучи Управнот суд. Можам слободно да кажам дека овој случај ќе биде дамка на нашето работење како совет и искрено незнам дали ќе можеме да се издигнеме над сите проблеми и лични интереси на Градоначалникот и да постапиме законски. Овластениот градежен инспектор неможе тука да постигне со своите обврски и со сите бесправни објекти кои во нашата општина ги имаме на секој чекор, а не пак да оди на испомош во друга општина. Очигледно е дека инвеститорот преку постапките пред Управниот суд и секако пред Вишиот Управен суд само купува време.

Член на Совет - **Дејан Димитровски** (коалиција предводена од СДСМ):

Постапката за овој предмет е пред суд и сеуште трае и од тие причини не би коментирал. Да почекаме да го видиме епилогот за да коментираме било што. Мене ме заинтересира говорот на претседателот на совет дека има објект во Ченто кој сеуште не се руши. Јас незнам дали ние што редовно ги подмируваме нашите обврски сме ненормални !? Дајте луѓе да иницираме постапки за да се застане на патот. Мора да смогнеме сили да се издигнеме над партиските интереси ако сакаме да имаме владеење на правото и правна држава.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Ако има постапка пред овластен градежен инспектор за отстранување на објект, потребно е општината да ги одбие сите барања кои се за легализација. Има толку многу инспекции, никој не реагира и имаме вакви ситуации.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Имаме бесправен објект во кој ќе се продаваат возила на ВОЛВО светски бренд а ние тука 7 месеци дискутираме за ова. Во нормална држава уште на самиот старт на градење, истото ќе беше сопрено. Уште во почетната фаза во првиот момент кога овластениот градежен инспектор констатирал на записник дека објектот е бесправен и треба да за запре, а инвеститорот продолжил со градење - сторил кривично дело. Никој не е против тој објект, но ќе беше убаво да беше изграден во законска постапка со платени комуналии. Мене не ми е јасно зошто до сега не è поведена кривична постапка. Јас сум искрено на мислење да испратам допис до ВОЛВО за кој сум убеден дека немаат никакви информации дека нивните возила ќе се продаваат во бесправен објект. Од страна на општината, грешката е што досега мораше и требаше барем да се запре со градење. Кој му дозволи да продолжи со градба и покрај констатираното, мене не ми е јасно.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Советници не се измачувајте, " ластикот" е ГЛОБАЛ - Струмица.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за прифаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Чашка.**

Претседателот на статутарно-правната комисија - **Александар Трајковски**, поднесе извештај од седницата одржана на 23.04.2019 година.

Комисијата предлага Советот **да не ги донесе** следните материјали:

- Предлог - Одлука за прифаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Чашка; и
- Предлог - Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Чашка.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Ги образожи причините поради кои се предлага овие Предлог-Одлуки да не бидат донесени. Овластениот гадежен инспектор со оглед на обемот на својата работа е повеќе од потребен тука и доколку биде на располагање на друга општина ќе се зголеми бројот на бесправни објекти во нашата општина. Тоа што некој политички се договарал е негова работа.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Овластениот градежен инспектор си постапува законски и си ги почитува законските одредби. Очигледно е дека нејзината работа му смета и на Градоначалникот на општината и од овие причини се предлага меѓуопштинска соработка. Соседни општини се Велес, Студеничани, Зелениково и други и зарем Градоначалникот на Општина Чашка не се обратил до соседните општини за да ангажира овластен градежен инспектор ?. Во приложената документација е сторена

грешка и наведена е Општина Велес а не Општина Гази Баба. Мора да внимаваат на официјалните документи и ова е надвор од секаква логика. Патот до Европа очигледно е дека ќе биде тежок и трнлив. Овластениот градежен инспектор на Општина Гази Баба треба и мора да се охрабри да си ја врши совесно својата работа и да се спречи Градоначалникот во своите криминални работи.

Претседавачот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот **не ја донесе** Предлог-Одлуката за прифаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Чашка, со **7 гласа "ЗА" и 13 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Чашка.**

Претседавачот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот **не ја донесе** Предлог-Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Чашка, со **8 гласа "ЗА" и 13 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за првото тримесечје од 2019 година.**

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **Андреа Најденовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 23.04.2019 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе следните материјали:

- Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за првото тримесечје од 2019 година; и
- Предлог - Одлука за ослободување од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште, за изградба на објект со намена В4 - Орган на локална самоуправа на територија на Општина Гази Баба.

Претседателот на комисијата за финансии и Буџет - **д-р Сашо Кутлешовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 23.04.2019 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе следните материјали:

- Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за првото тримесечје од 2019 година; и

- Предлог - Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година.

Претседавачот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за првото тримесечје од 2019 година, со **17 гласа "ЗА"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседавачот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Буџетскиот календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година, со **19 гласа "ЗА"**.

**ДЕВЕТА ТОЧКА: Предлог - Акционен План за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседавачот со седницата на комисијата за локален економски развој - **д-р Сашо Кутлешовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 23.04.2019 година.

Комисијата предлага Советот да го донесе следниот материјал:

- Предлог - Акционен План за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за 2019 година.

Претседавачот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Акциониот План за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за 2019 година, со **19 гласа "ЗА"**.

**ДЕСЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за ослободување од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште, за изградба на објект со намена В4 - Орган на локална самоуправа на територија на Општина Гази Баба.**

Претседавачот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за ослободување од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште, за изградба на објект со намена В4 - Орган на локална самоуправа на територија на Општина Гази Баба, со **19 гласа "ЗА"**.

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Информација за постапка пред Уставен суд на РСМ по Иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт С 17 Блок 1, Општина Гази Баба - Скопје, бр.09-828/6 од 14.03.2017 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.3/17) - У.бр.123/18.**

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Најнапред да изразам благодарност до секторот за правни и општи работи кој на мое барање а согласно задолжението од претседателот на советот ми достави копија од комплетната документација со која располага а се однесува на кореспонденција на релација Уставен суд - Совет на Општина Гази Баба во врска со Иницијативата У.бр.123/18. Меѓутоа во оваа документација која е пред мене е очигледно дека недостасуваат некои документи. Имено видно од доставената документација последниот поднесок испратен до Уставен суд е со датум од 04.04.2019 година. На седницата на Уставниот суд на 10.04.2019 година кога требало да се постапува, од општината е испратен некаков допис или информација до Уставен суд врз основа на кој е одложена расправата по таа точка на седницата на Уставниот суд. Од тие причини барам претседателе од вас да ја задолжите стручната служба и овие дополнително доставени документи до Уставен суд да ми се достават, за да ја видиме причината поради која е одложена расправата по оваа точка на седницата на Уставниот суд. Итноста на оваа точка е e-mail добие од Коалиција О2 во кој се бара од мене на седница на совет да обезбедам информација за тоа дали е пратен дополнителен документ во врска со тој предмет и од кого од општината е пратен. Дали постои заведен документ во периодот од 04.04.2019 година до 10.04.2019 година како ден кога требало на седница на Уставен суд да се расправа, но истото било одложено. За да биде појасно за колегите *(даде целосен хронолошки осврт на документацијата доставена од стручната служба)* на барање на Уставниот суд кога била доставена Иницијативата на одговор, со допис од надлежниот сектор за урбанизам и градежно земјиште не è доставен доказ дека Одлуката за неспроведување на стратегиската оценка за влијанието врз животната средина со формуларите била објавена на веб страницата на општината (суштина на Иницијативата за оценка на уставноста и законитоста на оспорената Одлука за донесување на ДУП). Од тие причини (необезбеден доказ дека Одлуката за неспроведување на стратегиската оценка за влијанието врз животната средина со формуларите била објавена на веб страницата на општината како законска обврска) Уставниот суд донел решение со кое поведува постапка за оценка на уставноста и законитоста на Одлуката за донесување на ДУП. Истото решение е доставено на одговор до општината и повторно со допис секторот за урбанизам и градежно земјиште, неможел да обезбеди доказ дека Одлуката за неспроведување на стратегиската оценка за влијанието врз животната средина со формуларите била објавена на веб страницата на општината. Од тие причини Уставниот суд оваа Иницијатива ја ставил за расправа на седницата која се одржа на 10.04.2019 година, со Нацрт-Одлука за укинување на ДУП. Значи доказ не бил обезбеден. Меѓутоа, Уставниот суд на седницата одржана на 10.04.2019 година врз основа на нешто што е доставено до него непосредно пред започнувањето на седницата, за кој не знаеме за каков документ или информација станува збор, за која побарав да ми се обезбеди, и наеднаш судот одлучува оваа точка да се симне од дневниот ред. Прво, кој го пратил тој документ ?, кога и што е пратено ? дали е официјален документ архивиран во општината ?. Имаме сомневање дека се работи за фалсификат. Како наеднаш на 10.04.2019 година нешто се створило поради кое Уставниот суд одлучува оваа точка да се симне од дневниот ред, што е многу симптоматично и неразбирливо. Некој сака да направи нешто незаконски и да протне

нешто. Во меѓувреме и Коалиција О2 се обрати до судот и судијата кој го води предметот да се достави сето она што е доставено до него а врз основа на што точката е симната од дневниот ред. Ќе бараме и ние како совет и нема да отстапиме од оваа работа, која ќе ја водиме до крај. Ние како совет доносител на оспорениот акт да не сме информирани кој кога и што пратил до Уставниот суд !?. Еве да ве прашам лично и вас претседателе дали вие имате пратено во името на советот некаков допис врз оснива на што е симната точката од дневниот ред на седницата на Уставниот суд ?. Некој утре ќе одговара за ова.

Член на Совет - **Дејан Димитровски** (коалиција предводена од СДСМ):

Да упатам прашање до правната служба, дали доколку има таков документ, тој треба да е кај вас односно дали мора да биде кај вас, односно дали може тој документ кој го спомнува колегата Белчев да биде во некој друг сектор ?.

Претставник од општинската администрација - **Васко Апостоловски**:

Јас и во моето прво обраќање бев и повеќе од јасен. Секој документ кој јас го имам е јавно достапен. Се што е препратено до мене, добиено или подготвено од моја страна јас го имам. Се што не сум добил односно не сум го подготвил го немам ниту е можно да го имам. Во конкретниот случај во однос на дискусијата на советникот Белчев, ирелевантно е неговото барање за наредната седница да се обезбеди нешто што го немаме барем ние како сектор за правни и општи работи. Ние како сектор и јас како службеник одговорно ви тврдам дека за следната седница на советот, неможеме да ви обезбедиме нешто од причина што го немаме. Ние како стручна служба и јас како службеник во никој случај неможеме да бидеме истражен орган во оваа општина и да бараме дописи. Ако има таков документ тој мора да биде поднесен до Уставен суд, односно поради тој документ е симната точката од дневен ред. Уставниот суд е многу прецизен и кореспондира исклучиво и само со советот на општината како доносител на оспорениот акт. Ако подносителот на Иницијативата неможе да ги обезбеди тие документи има и други начини. Советот на општината е доносител на оспорениот акт и учесник во постапката, што подразбира и вие како совет можете да се обратите до Уставниот суд. Ако некој друг пратил некаков документ до Уставен суд јас го немам тој документ. Ако тој документ не ми биде доставен јас неможам да го имам и да го споделам со вас како совет.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Претседателе предлагам како совет да ја задолжите стружната служба да се подготви допис и да се обратиме до Уставен суд се со цел да ни бидат доставени документите кои се пратени а ги нема ниту стручната служба ниту советот. Ако има такви документи треба Уставниот суд да ни ги обезбеди.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:
**Ја задолжувам стручната служба да подготви допис до Уставниот суд.**

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - **Тони Бојковски** ја заклучи Дваесет и третата седница на Советот на Општина Гази Баба, во 16,15 часот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски**